# OBJECTIVE RESPONSIBILITY FOR CAUSED ECOLOGICAL DAMAGES

**Svetlana Veljanovska**
Faculty of Law Kicevo, University St. Kliment Ohridski-Bitola, svetlana.veljanoska@uklo.edu.mk
**Cvetan Veljanovski**
Altran –Italy, cvetan.veljanovski@gmail.com

**Abstract:**The category environmental damage is known in the Macedonian legislation. Overall, the Republic of Macedonia is a signatory to numerous international conventions and most of them are incorporated into domestic laws, by-laws and rulebooks for the work of the competent state bodies. This means that from the normative point of view we are not at all different from other European countries.

The legal system gives us the opportunity to file a lawsuit for causing environmental damage and protecting the right to a healthy environment. This is why the question arises as to whether and how much this opportunity is used in the Republic of Macedonia from the aspect of the daily reactions of the citizens to endanger their life through the disruption of the clean air in the settlements and thus the pollution of other natural resources.

This paper aims to understand what is the practice in the courts in the Republic of Macedonia, ie what are the possible verdicts in disputes where a concerned party has requested protection of his right to a healthy environment. The starting point of the research will be Article 43 of the Constitution of the Republic of Macedonia where the right to a healthy life is incorporated as an obligation of the state to create conditions for a healthy environment and every entity in the country is obliged to protect and promote the environment and nature.

The issue of the responsibility for the environmental damage caused and the qualifications of the subjective (to the perpetrator of the damage) or the objective (of the state) responsibility and their representation in the court practice will also be considered.

**Keywords:** environmental damage, responsibility, lawsuit, judicial practice.

# ОБЈЕКТИВНА ОДГОВОРНОСТ ЗА ПРЕДИЗВИКАНА ЕКОЛОШКА ШТЕТА

**Светлана Вељановска**
Правен факултет Кичево, Универзитет Св Климент Охридски-Битола,
svetlana.veljanoska@uklo.edu.mk
**Цветан Вељановски**
Алтран –Италија, cvetan.veljanovski@gmail.com

**Апстракт:** Категоријата еколошка штета е позната во македонското законодавство. Генерално гледано Република Македонија е потписник на бројни меѓународни конвенции и најголем дел од нив се инкорпорирани во домашните закони, подзаконските акти и правилници за работење на надлежните државни органи. Тоа значи дека од нормативен аспект воопшто не се разликуваме од другите Европски држави.

Правниот систем ни дава можност за поднесување на тужба за предизвикана еколошка штета и заштита на правото на здрава животна средина. Токму поради тоа се поставува прашањето дали и колку се користи оваа можност во Република Македонија од аспект на секојдневните реакции на граѓаните за загрозување на нивниот живот преку нарушување на чистиот воздух во населените места а со тоа и загадувањето на другите природни ресурси.

Овој труд има за цел да согледа каква е праксата во судовите во Република Македонија, односно какви се евентуалните пресуди во спорови каде некоја засегната страна побарала заштита на своето право на здрава животна средина. Појдовна точка на истражувањето ќе биде чл 43 од Уставот на РМ каде правото на здрав живот е инкорпорирано како обврска на државата да создава услови за здрава животна средина а секој субјект во државата е должен да ја штити и унапредува животната средина и природата.

Исто така ќе биде разгледано и прашањето за одговорноста за направената еколошка штета и квалификациите на субјективна (на сторителот на штетата) или објективна (на државата) одговорност и нивната застапеност во судската практика.

**Клучни зборови**: еколошка штета, одговорност, тужба,судска пракса.

## 1.ВОВЕД

Уставот на Република Македонија како највисок правен акт го нормира правото на здрав живот. Во член 43: Секој човек има право на здрава животна средина. Секој е должен да ја унапредува и штити животната средина и природата. Републиката обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Од вака поставената уставна одредба произлегува и одговорноста на Републиката, која треба да им обезбеди услови за здрава животна средина на граѓаните.

Од овој аспект состојбите се многу јасни во поглед на правата на здрава животна средина на жителите на Република Македонија и за тоа кој има обврска истите да ги создаде за нив. Со самото тоа се подразбира дека за непочитување на овие уставно загарантирани права судската власт има можност да покренува постапки по барање на заинтересирани (оштетени ) лица.

Судската пракса во РМ засега познава еден граѓански случај, во кој невладини организации и општина Велес ја тужеа Република Македонија и бараа да се отстранат штетните последици по животната средина настанати од работата на Топилницата во Велес и да се отстрани згурата  која е лоцирана близу градот и со секој ветер градот повторно се затрупува со оловна прашина. Меѓутоа Основниот суд во Велес ја отфрлил тужбата.

За други случаи кои биле заведени пред судовите како тужби во кои физички или правни лица барале надомест на штета предизвикана од нарушување на еко системот или загадување на околината со различни последици[267] нема единствен регистар од кој би можело да се добијат податоци за изречените глоби или казни и за процентот на нивно извршување.

## 2.ОДГОВОРНОСТ НА ШТЕТА ПРЕДИЗВИКАНА ВРЗ ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Одговорноста за еколошка штета настанува поради:

- непосредна закана од еколошка штета или еколошка штета која настанала како последица на вршење на професионални активности,
- непосредна закана од штета врз заштитени видови и природни живеалишта или штета врз заштитени видови и природни живеалишта, која настанала како последица на вршење на професионалните активности, доколку штетата е настаната по вина или од небрежност на операторот.

Законодавството во РМ кое е втемелено на меѓународните конвенции во оваа област предвидува два вида на одговорност. Првата е т.н. субјективна одговорност со која е потребно да се бара само одговорност од конкретниот загадувач односно причинител на еколошката штета.

Втората е т.н. објективна одговорност која се однесува на државата и се темели на фактот што државата (односно нејзините институции) придонеле за настанување на еколошката штета со пропуштање на определени контролни механизми или не́ предлагање на мерки за заштита.

Народниот правобранител на РМ констатирал дека главен проблем при започнување на вакви судски постапки е проблемот на докажувањето.

„Уставно загарантираното право е основа и за законско нормирање на заштита на животната средина во одделни законски прописи. Постои кривично дело, а секако одредено лице може да поведе и судска постапка за надомест на штета доколку смета дека неговото здравје е нарушено од тие причини и од некој субјект-загадувач. Впрочем, и судската пракса говори дека вакви постапки постојат, каков што беше примерот со Велес. Меѓутоа, она што треба да се укаже е дека овие постапки се деликатни во контекст на докажувањето, односно потребни се валидни докази кои ќе го поткрепат таквото тврдење“ – констатира Народниот правобранител[268].

Според Студијата на Светска Банка, Македонија губи околу 1350 животи годишно само како резултат на загадувањето на воздухот. Во 2011 година поради предвремена смртност и загуби во продуктивноста на работа или отсуство од работа, загадувањето само со суспендирани честички (ПМ10) ја чинело домашната економија 253.000.000 €, односно 3,2 % од БДП.[269]

---

[267] Последиците се на пр: помор на риби во реки, езера или приватни рибници, ерозија на земјиште и штети од поплави предизвикани од неконтролирано сечење на шуми, загадување на воздух поради користење на несоодветни горива (гуми, разни масла, топење на метали) и сл

[268] Годишен извештај на Народниот правобранител за степенот на обезбедувањето, почитување, унапредување и заштита на човековите слободи и права

[269] http://www.worldbank.org/mk/country/macedonia/overview#3

Одговорноста за штета предизвикана врз животната средина има неколку механизми за санација на состојбата. Пред се станува збор за принципот „Загадувач- плаќач" кој има за задача да изврши санација (ремедијација) на предизвиканата штета. Меѓутоа многу поголемо значење треба да има „Принципот на превенција" кој има за цел да спречи воопшто да настане еколошка штета.

Реституција на направена еколошка штета може да бара правно или физичко лице како и здружение за заштита на животната средина кое е директно загрозено или трпи последици од настанатата еколошка штета. [270] Механизмите кои се овозможени во согласност со Законот за заштита и унапредување на животната средина се овие субјекти да можат да побараат:

- Враќање во претходната состојба на животнате средина;
- Надоместок на сторената еколошка птета во согласност со општите прописи за надоместок на штета ако не е можно враќање во претходната состојба.

Ова право на враќање во почетна состојба го има и државата доколку не се јават други лица кои имаат право на тоа. Носителот на правото на тужба може да бара судост од тужениот да прибави информации од изворот на загадување потребни за определување на еколошката штета и обемот на одговорност а ако истиот не ги обезбеди овие податоци се обезбедуваат по службена должност на товар на тужениот.

Судската пракса воочува неколку проблеми во овој дел. Станува збор за скапи вештачења за кои нема доволен број лиценцирани вештаци или акредитирани лаборатории во земјава а исто така станува збор за скапи и долготрајни постапки. Има проблем и со супер вештачењата доколку постои потреба од проверка на оспорено вештачење во судската постапка. Медицината може да докаже во конкретна постапка дали е нарушено здравјето на лице заради загадување на животната средина

Лекарите се сегмент кој може да се употреби во доказната постапка кај предизвикана штета врз човекот и неговиот организам.Тие велат дека може да се докаже тврдењето на одредено лице при поведување на судска постапка, преку соодветна медицинска анализа, кога претходно постои основано сомневање за тоа. Ако е зголемен бројот на честички од загадувањето кај одреден пациент во тој случај со хемиска анализа би се констатирало дека неговото здравје е нарушено од тие причини. За лекарите не е воопшто спорно докажувањето во постапка, бидејќи медицината и вештачењето може да ги даде одговорите дали конкретно лица е со нарушено здравје или не заради одреден тип на загадувач.

Но, проблем е загадување кое се случува на колективно ниво, што значи дека би било загрозено здравјето на повеќе индивидуи со тоа, а тоа е процес кој многу потешко се докажува- потенцираат лекарите.

За поведување на судска постапка, со индивидуални тужби каде што лицето тврди дека му е нарушено здравјето поради одреден тип на загадување на животната средина клучна е медицинската документација.Таа ја дава конструкцијата на докажувањето и смислата на поведувањето на постапката. Доколку одредено лице има нарушено здравје, а по медицински пат се докаже дека тоа нарушување е предизвикано од одреден загадувач кој му наштетил, секако дека тоа и во судската постапка би било релевантно и би се докажувало низ соодветна процедура која подразбира надомест на штета, како и рехабилитација за лицето на сметка на загадувачот но и наредби кон загадувачот за итно преземање на неопходни мерки – посочуваат адвокатите. Сепак, многу е тешко да докажете дека одредени малигни заболување на пример, се резултат на одредено заболување ако зад тоа не стојат сериозни анализи кои го потврдуваат влијанието. Ваквите тужби се ретки, тешко се докажуваат, а постапките траат долго. Често, луѓето работат кај загадувачот и не се осудуваат да поднесуваат тужби туку бараат начин да обезбедат рехабилитација – потсетуваат адвокатите на досегашната судска пракса.

Законодавецот предвидел дека одговорен за штета предизвикана врз животната средина е операторот кој врши професионална активност која предизвикала еколошка штета или закана за еколошка штета. Неговата одговорност е доколку не презел превентивни мерки, мерки за ремедијација, не го известил надлежниот орган за опасноста од еколошка штета или за настанатата еколошка штета.

За потребите на овој труд реализирано е истражување преку анкетен прашалник до општините во РМ каде имавме за цел да ја согледаме состојбата со депонирање на комунален отпад. Од собраните податоци може да се види дека 42 општини користат локални депонии но ниту една од нив не поседува интегрирана еколошка дозвола која е задолжителна со Закон.Регионални депонии користат 14 општини (најголем дел оние во составот на градот Скопје) а 11 рурални општини немаат ниту локални, ниту регионални депонии. Единствена депонија со интегрирана еколошка дозвола е Дрисла (во околината на Скопје) каде се рециклира само 18 % од депонираниот отпад. Се друго може да се категоризира како деградација на земјиштето и опасни депонии по здравјето на луѓето и штетни за животната средина.

[270] С.Вељановска., Еколошко право, Кичево, 2017 стр 13

**3.МЕЃУНАРОДНИ И НАЦИОНАЛНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

Република Македонија е потписник на поголем број меѓународни договори кои се однесуваат на различни аспекти во сферата на заштитата на животната средина.Колку од овие договори се имплементираат и се користат по практиката е друго прашање,бидејќи ретки се компаративните анализи за ефектите и примената на еколошкото право во Република Македонија и неговата директна примена во различни случаи во практиката.

Република Македонија има донесено поголем број стратешки планови, стратегии и механизми во кои може да се бара и практична примена и заштита на индивидуални и колективни права за заштита на животната средина.

Документи кои се во примена се: Стратегијата за води на РМ; Стратешки планови на МЖСПП, Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија; Национална стратегија за инвестиции во животната средина; Национална стратегија за апроксимација во животната средина; Национална стратегија и акционен план за заштита на биолошката разновидност во Република Македонија; Национална стратегија за одржлив развој на Република Македонија; Стратегија за управување со отпад во Република Македонија (2008-2020);Стратегија за мониторинг, комуникација,подигање на јавната свест и управување со податоци.

Националната законска регулатива исто така е доста обемна почнувајќи од Законот за води; Законот за заштита на растенијата; Законот за квалитет на амбиенталниот воздух; Законот за заштита на природата; Закон за отпад и сл.

Сепак, иако еколошкото право дава многу можности за заштита на животната средина, низ македонските судови ретки се примерите каде што граѓани или организации барале некаква заштита, со исключок на управни постапки во кои всушност се барале информации од јавен карактер за содржината на проектите.

Изјаснувањето на референдум на жителите на поголем број населени места во централна и источна Мекедонија дали да се дадат дозволи за ископ на рудник на злато на планината Кожуф може да биде интересен правен случај.

Граѓаните на општините гласаа против експлоатацијата на минерални суровини,злато и бакар со аргументи дека станува збор за еколошки регион во кој се произведува здрава храна а наскоро во тој регион треба да се гради и капитален проект „Коњска брана“.

Сите досегашни искуства за ваков начин на експлоатација на рудата со методот лужење покажале дека последиците врз животната средина биле катастрофални. Податоците од канадската компанија Невсан говорат дека за 20 години во рудникот „Коњско“ планирано е да се извадат 300 тони злато.Отворената експлоатација на земјиштето подразбира отворање на дупка со пречник од 3 километри со длабочина на кратерот од околу 700 метри. Ископот би требало да биде 15 милиони кубни метри годишно.[271]

Истражувањата на организацијата „Спас за нас“ која е против овие активности,како аргумент наведуваат дека најпроблематично за животната средина е тоа што издвојувањето на златото од рудата се прави со цијанид (300 тони годишно). И јаловината и течноста се со огромни концентрации на цијанид, ссулфурна киселина, арсен, талиум, антимон, цинк и др хемикалии со период на полураспаѓање од 2000 години.

Покрај овој рудник со одлука на Владата на РМ има дозволено истражување во дури 22 општини од Источна Македонија за да се откријат нови локалитети ссо цел да се увидат перспективите за понатамошни детални геолошки истражувања како и за откривање на нови наоѓалишта на метлични минерални суровини [272]

Според Регистерот на склучени договори за концесја на детални геолошки истражувања од 5 април, 2016, кој стои на вебстраната на Министерството за економија, случени се 43 договори, од кои 18 се за метлични минерални суровини, бакар, злато, сребро, олово, цинк, молибден, хром и јаглен.

**4.ЗАКЛУЧОК**

Иако од податоците изнесени во трудот можеда се види дека законодавството во Република Македонија во оваа сфера е усогласено со европсските и меѓународните стандарди, сепак примената на законите во судската практика сеуште е на ниско ниво. Немањето на реални и одржливи јавни политики во државата е можеби најголемиот проблем во сферата на почитување на правото на објективна одговорност за направена еколошка штета. Актуелизирањето на еколошката проблематика и јакнењето на граѓанската свест постепено се движи во нагорна линија.следната фаза ја гледаме во примена на позитивните законски прописи во

[271] Студија за експлоатација на злато во рудникот Коњско
[272] Службен весник на РМ 30 септември, 2014

судските постапки и употреба на сите законски дадени механизми за донесување на судски пресуди во областа на заштитата на правото на здрава житовна средина на граѓаните на Република Македонија.
Република Македонија меѓу другите конвенции е потписник и на Ахруската конвенција за слободен пристап до информации поврзани со животната средина. Во периодичните извештаи кои се подготвуваат од страна на Министерството за животна средина од страна на Центарот за пристап до правда (формиран како обврска произлезена од оваа конвенција) се нуди можност за бесплатен правен совет и бесплатно судско застапување кога е прекршено правото на здрава животна средина. Од нивна страна за 396 пројавени проблеми од страна на приватни лица подготвени се 6 поднесоци за кривични тужби и 4 поднесоци за прекршочни пријави до надлежен суд. Во 14 случаи по претходна постапка на медијација постигната е согласност за враќање на животната средина во претходна состојба. Се ова говори дека кога сериозно се сваќаат еколошките проблеми и правилно се процесувираат можно е да се дојде до најповолно решение за засегнатите страни.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА**

[1] Закон за животна средина (Сл.В бр. 44/2015);
[2] Закон за заштита на природата (Сл.В. бр 67/2004)
[3] Закон за управување со отпад (Сл.В бр 68/2004)
[4] Национален извештај за имплементација на Архуската конвенција на Република Македонија.
[5] Правилник за начинот и постапката за обезбедување пристап до информации во врска со животната средина (Сл. В. бр 93/2007)
[6] http://www.ombudsman.gov.mk/ достапно на 18.01 2018
[7] http://www.moepp.gov.mk/ достапно на 18.01.2018
[8] http://ekosfera.mk/ достапно на 18.01.2108
[9] http://mlrc.ivisa.com/home_mak_menu.html достапно на 18. 01 2018
[10] http://www.covekovi-prava.gov.mk/ достапно на 18.01 2018